РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПОЛИЦИЈА
POLICE

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

# 2017-2019

*Почитувани,*

***М**инистерството за внатрешни работи во насока на доследно спроведување на стратешките приоритети, цели и политики на Владата на РМакедонија во областа на внатрешните работи, изработи Стратешки план 2017-2019г. во кој е дадена визијата за развој на министерството.*

*Накратко, во овој временски период фокусот на нашето работење ќе биде насочен кон:*

- *подеднаков третман на граѓаните пред законот и почитување на човековите права согласно европските препораки и страндарди;*
- *зајакнување на оперативните капацитети, модернизација и стандардизација на полицијата;*
- *превенција, спречување и борба со сите облици на организиран криминал и корупција;*




- *зајакнување на активностите за спречување на илегалната миграција;*
- *подобрување на безбедноста во патниот сообраќај;*
- *превенција од радикализација, спречување терористички закани и дејствија и други противуставни активности.*

*Во наредниот период, очекувам вработените во Министерството за внатрешни работи преку нивна лична посветеност и несебична ангажираност, професионалност, тимска работа, транспарентност и отчетност да го дадат својот придонес*

*за реализација на овој Стратешки план, како значаен сегмент во остварување на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата на РМакедонија.*

*Скопје, 2017 година*

*МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ*

*д-р АГИМ НУХИУ*

# ВОВЕД

Успешната имплементација на концептот на стратешко планирање е најзначаен сегмент во процесот на унапредување на работата, ефикасноста и ефективноста на Министерството за внатрешни работи. Планираните активности, предвидени во Стратешкиот план на МВР 2017-2019 година, како конструктивни, целисходни и финансиски остварливи акции, насочени се кон остварување на приоритетите и приоритетните цели на министерството, а во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата на РМакедонија.

Стратешкиот план содржи 3 стратешки програми и 10 потпрограми во кои се опфатени проекти и активности, во насока на остварување на приоритетите и приоритетните цели на министерството. За секоја програма и потпрограма утврдени се показатели за успешност, преку кои се овозможува следење и мерливост на постигнатите резултати.

Поконкретно, првата стратешка програма „Развој на полицијата" е разработена во пет потпрограми во кои се содржани проекти и активности во насока на унапредување и зајакнување на оперативните капацитети на Бирото за јавна безбедност, модернизација и стандардизација на работењето на полицијата, зголемување на нивото на јавната безбедност, превенција, спречување и ефикасна борба со организираниот криминал и корупцијата, прекуграничниот криминал и илегалната миграција, унапредување на безбедноста на патниот сообраќај, како и подобрување на меѓусекторската, меѓуинституционалната и меѓународната полициска соработка во согласност со најдобрите практики, препораки и стандарди на ЕУ.



Одржувањето на националната безбедност, навремено детектирање на појавните облици на тероризам и ефикасен одговор во борбата против оваа безбедносна закана е предвидено во стратешката програма „Национална безбедност и борба против тероризмот". Истата ќе се реализира преку активности, кои се во насока на зајакнување на капацитетите и унапредување на меѓународната соработка на Управата за безбедност и контраразузнавање во борбата против тероризмот.

Третата стратешка програма „Унапредување на заедничките функции на МВР" е разработена во пет потпрограми, чии активности се насочени кон унапредување и модернизација на МВР, согласно демократските вредности и владеење на правото.

Една од важните компоненти за успешно реализирање на предвидените активности на Стратешкиот план е неговата финансиска поддршка. Средствата потребни за финансирање на Стратешкиот план на МВР 2017-2019 се предвидени во Фискалната стратегија на РМакедонија.

МИСИЈА...

# МИСИЈА...

Заштита на основните вредности на демократијата со заложби за ефикасна државна управа и работници на кои граѓаните на РМакедонија може да им веруваат

ВИЗИЈА...

# ВИЗИЈА...

Владеење на правото, одржување на јавниот ред и мир и безбедност, како и борба против корупцијата и организираниот криминал, согласно највисоките стандарди за полициско работење

# НАЧЕЛА

***Министерството за внатрешни работи како основа во своето работење се придржува кон примена на начелата пропишани во Законот за внатрешни работи***

**Законитост**

**Соодветна и правична застапеност**

**Управување со ефектот на работниците**

**Професионална етика, непристрасност и објективност**

**Транспарентност и доверливост**

**Одговорност**

**Спречување судир на интереси**

**Економично користење на средствата**

## ЗАДАЧИ

**Основни ЗАДАЧИ на МВР се:**

- остварување на системот на јавна и државна безбедност;
- спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на РМакедонија;
- заштита на животот и личната сигурност и имотот на граѓаните;
- спречување на разгорување на национална, расна, верска омраза или нетрпеливост;
- спречување на вршење на кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела;
- заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, гарантирани со Уставот на РМ, законите и ратификувани меѓународни договори;
- одржување на јавниот ред и мир во државата.

## СПЕЦИФИЧНОСТ

Структурата на МВР ја сочинуваат организациски единици за потребите на министерството и органи во состав на министерството.

Организациските единици за потребите на министерството се надлежни за вршење стручни работи во врска со вршењето на внатрешните работи, за потребите на целото министерство.

Органи во состав на МВР се Бирото за јавна безбедност-(БЈБ), задолжено за извршување на полициските работи и одржување на јавниот ред и мир и Управата за безбедност и контраразузнавање-(УБК), задолжена за извршување на работите сврзани со безбедноста и контраразузнавањето.

Со БЈБ и УБК раководат Директори кои по предлог на Министерот за внатрешни работи ги именува Владата на РМакедонија. Во текот на работењето, овие органи остваруваат меѓусебна соработка, а нивната активност преку директорите ја обединува и координира Министерот за внатрешни работи.

# ПРИОРИТЕТИ И ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ

***Приоритет 1:***

***Зајакнување на оперативните капацитети, модернизација и стандардизација на полицијата со цел зголемување на нивото на јавната безбедност, превенција, спречување и борба со организираниот криминал, прекуграничниот криминал и илегалната миграција, ефикасно и ефективно справување со корупцијата, како и подобрување на безбедноста во патниот сообраќај***

***Приоритетни цели:***

- *Модернизација и стандардизација на полицијата со користење современи методи за извршување задачи и должности во согласност со најдобрите практики, препораки и стандарди на ЕУ*
- *Зајакнување на капацитетите на полицијата за превенција, спречување и борба со организираниот криминал и корупцијата со користење современи истражни методи и техники*
- *Зајакнување на оперативните капацитети на Одделот за гранични работи и миграции и Регионалните Центри во борбата против прекуграничниот криминал и илегалната миграција*
- *Понатамошен развој на демократските принципи на полициското работење за подобрување на нивото на доверба меѓу граѓаните и полицијата, вклучувајќи и почитување на човековите права*
- *Зголемување на нивото на јавна безбедност вклучувајќи ја безбедноста во патниот сообраќај*
- *Подобрување на внатрешната, националната и меѓународната соработка*

***Приоритет 2:***

***Превенција од радикализација, спречување терористички закани и дејствија и други противуставни активности од радикални и криминално-екстремни групи и поединци, бескомпромисна борба против корупцијата и организираниот криминал и поддршка на меѓународната безбедносна политика во спротивставувањето со тероризмот***

***Приоритетни цели:***

- *Идентификување на сите облици на противуставни дејствија и активности поврзани со тероризмот*
- *Утврдување на превентивни активности за заштита од тероризам*
- *Сузбивање на терористички активности и противуставни дејствија од радикални и криминално-екстремни групи и поединци*
- *Јакнење на мерки за пресекување на финансиски прилив за финансирање на тероризмот*
- *Јакнење на националната безбедност и поддршка на меѓународната безбедносна политика во спротивставувањето со тероризмот*
- *Јакнење на борба против корупцијата и организираниот криминал*
- *Заштита на демократските вредности утврдени со Уставот на РМакедонија*

***Приоритет 3:***

***Интеграција во ЕУ и НАТО, меѓусебна толеранција, добри меѓуетнички односи и подеднаков третман на граѓаните пред Законот, понатамошен развој на демократски принципи во полициско работење и почитување на човековите права, согласно европските препораки и страндарди***

***<u>Приоритетни цели:</u>***

- *Понатамошен развој на демократските принципи и подобрување на нивото на доверба меѓу граѓаните и полицијата*
- *Вклучување во родовата перспектива и недискриминација во спроведувањето на законите, подеднаков третман и можности*
- *Зголемена ефикасност во откривање на непрофесионално и незаконито постапување на припадниците на министерството*
- *Исполнување на обврските од Акциониот план за членство во НАТО и Партнерските цели*
- *Исполнување на обврските од Акциониот план за НПАА за членство на РМакедонија во ЕУ и Извештајот за напредокот на РМакедонија*
- *Унапредување на соработката со Народниот правобранител и Невладиниот сектор*
- *Намалување на можноста за нарушување на безбедноста на класифицирани информации*

# ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ - 2015 г.

***За реализација на програмите и компонентите опфатени во Стратешкиот план на МВР 2015 – 2017, во текот на 2015г., се  преземаа интегрирани, континуирани и целисходни активности, во чие остварување се вклучија сите организациски единици и органи надлежни за нивното спроведување.***

Во рамки на стратешката програмата **„ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ“**, се преземаа активности во насока на:

- интеграција на РМакедонија во НАТО преку реализирање на партнерските цели, учество во меѓународни мировни мисии, унапредување на процесот за размена на разузнавачки податоци, континуирани билатерални консултации, едукација во делот на меѓународен кризен менаџмент, менаџирање со кризни состојби и работа со класифицирани информации;
- јакнење на меѓународната полициска соработка преку назначување на Отсекот за меѓународни потраги за FAST (Fugitive Active Search Team/меѓународни потраги по цел) и приклучување кон ENFAST (Европска мрежа на FAST) и назначување на офицери за врска на РМакедонија во седиштето на Европол во Хаг и во седиштето на SELEC во Букурешт;
- во полициските работи од општа и посебна надлежност, реализација на проектите: „On-line полициски станици“, „On-line пријавување на сомнително лице“, „Бизнис и безбедноста“, „За спортот заедно“, „Мој полицаец“, „Полицијата и граѓаните заедно“, „Налепница за регистрирано возило“, „Национален информативен систем за евиденција на сообраќајни незгоди“ и „Безбеден град“.
- во делот на граничното управување и миграцијата унапредени се:
  - меѓународната полициска соработка преку учество во 4 заеднички и 5 координирани операции реализирани на регионално и пошироко европско ниво;
  - прекуграничната полициска соработка со соседните земји преку ефикасно функционирање на заедничките контакт-центри за полициска соработка и реализирање на планираните координирани и мешовити патроли, согласно однапред утврдената временска рамка;
  - унапредување на концептот на Интегрирано гранично управување преку соработка, размена на информации на национално, меѓуинституционално и внатрешно ниво;
  - активностите во делот на превенцијата преку одржување на трибини, едукативни средби и работни состаноци со граѓаните;
- јакнење на капацитетите на Одделот за специјални полициски операции, Единицата за брзо распоредување (ЕБР) и Единицата за специјални задачи (ЕСЗ) преку правичната застапеност на сите етнички заедници во РМакедонија, јакнење на капацитетите на посебните, специјалните и воздухопловните единици, обезбедување повисок степен на обученост, безбедност и материјално–техничка

опременост со цел ефикасно, ефективно и економично извршување на поставените специјализирани и посебни задачи при решавањето на сложени и опасни безбедносни состојби и ситуации, ефикасна поддршка на подрачните полициски служби и регионалните центри за гранични работи;

- јакнење на капацитетите на Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика преку кадровско доекипирање и материјално-техничко опремување за обезбедување на дигитални докази на лице место, систем за приоритизација на Анализата на компјутерска опрема, подготвителни активности за креирање web-страна за пријавување на компјутерски инциденти и несоодветни содржини на интернет, активности за воспоставување Триаж систем за одземена компјутерска опрема и дефинирање на процедури за обезбедување дигитални докази од интернет и меѓународните интернет сервис провајдери и процедури за чување на форензички копии и сигурност на електронските докази;
- јакнење на капацитетите на криминалистичка техника, согласно стандардите на ЕУ при што е отпочнат процес за акредитација на три лаборатории во Одделот за криминалистичка техника, како и материјално-технично опремување и просторно уредување;
- изготвување СОП за примена на полициски овластувања, тактики на постапување на Единицата за службени кучиња, како и активности насочени кон кадровско доекипирање и материјално-техничко опремување.

Активностите предвидени во стратешката програма **„ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН И СЕРИОЗЕН КРИМИНАЛ“** резултираа со:

- јакнење на Секторот за криминалистички истраги во сферата на корупцијата;
- откривање и обезбедување докази за лица и криминални групи инволвирани во недозволена трговија со дрога преку унапредување на меѓуинституционална соработка и интензивирање на соработката со Царинската управа, а во делот на спречување на корупцијата јакнење на соработката со други надлежни служби;
- учество во три операции за навремено откривање и сузбивање на активности поврзани со недозволена трговија со дрога, со посредство на EUROPOL и SELEC, партиципирање во Проектот на ИПА 2013 „Борба против организираниот криминал: меѓународна соработка во кривичната правда“, интензивирана е соработката со Канцеларијата на DEA во Атина/РГрција;
- учествувано е во изготвување на Национална Проценка за закана од перење пари и финансирање тероризам со помош на експерти од Светска Банка, како дел од активностите за спроведување на Акциониот план за Национална стратегија за спречување на перење пари и финансирање тероризам;
- во сферата на културното наследство-имплементацијата на Упатството за постапување на полициските службеници и изготвување СОП за начинот на постапување на полициските службеници;

- Единицата за корупција во рамки на ИПА 2010-„Јакнење на капацитетите за превенција и репресија на корупцијата“ партиципираше во измени и дополнување на Законот за спречување корупција и судир на интереси и Законот за заштита на укажувачи;
- изработена е база на податоци за фалсификувани пари;
- извршена е надградба на Е-регистар за база на податоци за фалсификувани пари;
- учествувано е при изработка на Национална база за украдени културни добра, набавка на информатичко-техничка опрема и софтвер за централизирано собирање на информации од областа на културното наследство во Управата за заштита на културното наследство.

Во рамки на програмата **„НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ И БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ“**се реализираа следниве активности:
- подигнување на нивото на контраразузнавачка заштита на ДКП-та на РМакедонија во странство преку следење на активностите за закани од терористички напади, информирање на МНР за потенцијални безбедносни закани и спроведување обуки на новоакредитираните претставници во ДКП-та;
- изготвена „Програма за имплементација и операционализација на Упатството за антитерористичка заштита“;
- усогласување на законодавната регулатива со меѓународните стандарди и прописите на ЕУ во делот за борба и превенција од тероризмот;
- перманентно изготвување анализи на ризик, со цел рано предупредување и предлагање контрамерки за превенција и спречување на тероризмот;
- финализиран текст на Националната стратегија на РМакедонија за борба против тероризмот.

Процесот на реформи, предвиден во стратешката програма **„РЕФОРМА ВО ПОЛИЦИЈА“** во 2015г. резултираше со измени и дополнување на Законот за внатрешни работи, донесување нов колективен договор, нови акти за организација и систематизација на работните места во МВР, како и нова листа на плати, со што се воведе унификација на бодови за плата на централно и регионално ниво, како и класификација на работните места во 8 категории. Во рамки на проектот ИПА 2010 „Понатамошна институционална надградба и градење на капацитетите на полицијата во областа на граничното управување, работата на полицијата со заедницата и борбата против организираниот криминал“, изготвена е Стратегија за развој на полицијата 2016-2020, како и:

- *во делот на правни работи и управување со човечки ресурси:*
- изготвен „Правилник за рамката на општите компетенции за работниците на МВР“, врз основа на кој е донесен каталог на општи компетенции;

- изготвен „Правилник за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците на МВР“;
- формирана меѓуресорска работна група за планирање и спроведување на родово одговорно буџетирање во МВР и назначен е координатор за министерството;
- изготвена „Родово буџетска изјава“ со која се утврдени индикатори за следење и предложени интервенции за унапредување на родовата еднаквост;

• *во рамки на внатрешна контрола:*

- зголемен е бројот на поведување дисциплински постапки против полициски службеници за 9% во однос на 2014г.;
- се објавуваат информации за работењето на Одделот за внатрешна контрола криминалистички истраги и професионални стандарди на интернет-страната на министерството, со цел поднесување на претставки во е-форма;
- изготвен „Правилник за изменување и дополнување на правилникот за вршење на работите на СВКПС на МВР“;
- изготвен СОП за спроведување контрола во полициска станица во однос на постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење (приведени, лишени од слобода, задржани лица) и СОП за постапување по случаи на несоодветно однесување, употреба на физичка сила и други средства за присилба од страна на полицијата;
- унапредување на соработката со Народниот правобранител и Невладини организации;
- учество на ОВККИПС во работна група на EPAC/EACN земјите за изготвување на извештајот на ЕУ за борба против корупцијата;

• *во област на информатичка технологија и телекомуникациско работење:*

- целосно реализирање на планираните активности од проектот „Одржување и подобрување на компјутерската инфраструктура на МВР“ *(испорачана е опрема, односно 400 компјутери, 50 лаптопи и 50 печатари)*;
- целосно реализирање на активностите од проектите „Унапредување на информатички капацитети на полициски станици“, „Зголемување на безбедноста на мрежната опрема“ и „Мрежна инфраструктура за IP телефонија“;
- започнување на проектите „Уреди за климатизација и резервно напојување на систем сали“, „Изградба на отворена интернет мрежа“, „Оптичка мрежа на МВР“, „Модернизација на информатичкиот систем на МВР“ и „Подигање на нивото на заштита на информатичкиот систем“ со потпроектите „Систем за управување со идентитет и пристап на корисниците до IT системите на МВР“ и „Систем за управување со log информациите на апликативно и телекомуникациско ниво“;
- Формирани се работни групи за изготвување Процедура за право на пристап и исправка на лични податоци и Процедура за доделување на кориснички привилегии;

- ИПА 2014 „Имплементација на систем за континуитет во работата и опоравување од катастрофи“-фаза 2, изготвено тендерско досие за градежни работи за обезбедување на објект за просторно сместување на Центарот за опоравување од катастрофи;

- *Во областа на управно надзорни работи:*
- поставени се 7 дисперзирани базни станици и тоа во: Одделението за управни работи во СВР Скопје- 4 (ПС Центар, ПС Чаир, ПС Ѓорче Петров и ПС Драчево), во Одделението за управни работи во СВР Штип (ПС Пехчево и ПС М.Каменица) и во Одделението за управни работи во СВР Струмица (во ПС Ново Село).

* * *

Обуките во текот на 2015г. беа реализирани согласно Годишната програма за обука, а врз основа на потребите на организационите единици на МВР. Дел од овие активности се реализирани од страна на Центарот за обука врз основа на претходно изготвени наставни програми и планови со кои е утврдена динамиката за реализација на планираните активности, а дел во рамки на реализација на одредени проекти или организирани од партнерски организации и држави, одржани во РМакедонија или странство и тоа:

- во Центарот за обука се реализирани вкупно 66 континуирани обуки во кои партиципирале вкупно 5.437 учесници и 2 основни обуки за полицајци;
- основни и специјализирани обуки за законска примена на полициските овластувања во рамки на Проектите - ИПА 2009 „Јакнење на капацитетите за спроведување на Законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица“, „Модел на полициско работење водено од информации“, „Поддршка на реформи во полицијата и кривичното право“, а во соработка со Амбасадата на САД обука за проценка и подготвеност за одговор во итни ситуации;
- во програмата „Јавна безбедност“, во 2015г., беа реализирани општи и специјализирани обуки на напредно ниво за унапредување на капацитетите во областите: безбедност на сообраќајот на патиштата, ЈРМ, криминалистички работи, како и за потребите на Единиците за брзо распоредување, специјални задачи и посебните единици на полицијата и Одделот за обезбедување. Општи и специјализирани обуки во областа на криминалистичко-технички испитувања и вештачења, како и континуирани обуки за успешно справување со нови предизвици и облици на загрозување во областа на граничното работење;
- во рамки на програмата „Зајакнување на капацитетите за сузбивање на организиран и сериозен криминал“, беа релизирани специјализирани обуки на вработени во Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, на теми поврзани со техники и методи на откривање и докажување на висок профил на корупција, особено во сферата на политиката, јавните набавки, спортот и други области, за употреба на идентификатори за идентификација

на жртви на трговија со луѓе и учество во кампањи за подигање на јавната свест за проблемот на трговија со луѓе и илегална миграција;

- во програмата „Реформи во полиција“, беа реализирани обуки за примена на наставни модули за човекови права за основна и континуирана обука на полицијата кои се однесуваат на Етика и човекови права во полициското постапување, приведување и употреба на сила од страна на полицијата и задржување и спречување на несоодветно постапување, како и 6 специјализирани обуки за припадниците на ОВККИПС, а реализирани се и активностите планирани во рамки на Проектот за имплементација на Прирачникот за полициски интегритет изготвен од страна на DCAF.

# ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ - 2016 г.

***Органите во состав и организациските единици за потребите на министерството, во текот на 2016г. во рамки на програмите и потпрограмите во Стратешкиот план на МВР 2016-2018г., преземаа интензивни и континуирани активности за остварување на приоритетите и приоритетните цели на МВР за 2016г. Меѓутоа, дел од планираните активности поради недостиг на финансиски средства, не се целосно реализирани, односно продолжена е временската рамка за нивна имплементација.***

***Во осврtот се опфатени само проекти и активности чија реализација е во насока на унапредување и развој на МВР, а со тоа и остварување на приоритетите и приоритетните цели на Владата на РМакедонија.***

1. Активностите на БЈБ се опфатени во програмата ***„ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ“*** и се разработени во 6 потпрограми.

- Во рамки на потпрограмата **„Интеграција во НАТО и безбедност на класифицирани информации и податоци"**, одржани се три билатерални средби меѓу претставници на МВР и НАТО.

  Од страна на **Секторот за безбедност на информации** се преземени следните активности:

- номинирање на овластени службени лица за безбедност на класифицирани информации по организациски единици на министерството;
- учествувано е во проектна задача за определување мерки за техничка и физичка безбедност на простории за чување и работа со класифицирани информации;
- извршено е мерење на објекти на МВР на планирани безбедносни зони на централно и регионално ниво (10 градови, МВР, СВР и РЦ) согласно ТЕМПЕСТ стандардите;
- во рамки на проектот ИПА 2010 **„Понатамошно јакнење на институционалниот капацитет на полициската служба во борбата против организиран криминал, гранично управување и работа на полицијата со заедницата**“ изработена е Предлог-документација за проценка за безбедносен ризик за Комуникациски информациски систем (КИС).

* * *

Во рамки на оваа потпрограма во делот на **едукација** одржани се:

- две работилници во рамки на Механизмот на ЕУ за справување со поплави–IPA FLOODS (одржани во Будва, Р Ц.Гора и Порторож, РСловенија);
- работилница и вежба во организација на амбасадата на САД во РМакедонија, на која учествуваа 8 претставници од МВР;
- НАТО работилница и вежба во која се вклучени активности на институциите на РМакедонија во Националниот логистички центар за поддршка на НАТО/КФОР во РМакедонија.

2. Во потпрограмата **„Јакнење на капацитетите на Централните полициски служби“** во рамки на **меѓународната полициска соработка,** донесен е Правилник за постапување на Одделението за Европол и реализирање на соработката со Европол, продолжени се активностите во рамки на постојните аналитички работни досиеја на Европол (AWF-Analysis Work File) од областа на тероризмот, илегалната миграција и компјутерскиот криминал, а сервисите на ИНТЕРПОЛ се проширени до сите гранични премини, Оддел за криминалистичко технички испитувања и вештачења и Оддел за криминалистичка полиција.

* * *

Во делот на **меѓународната соработка** учествувано е на четири обуки, пет работилници и една тренинг обука поврзани со меѓународна полициска соработка, а спроведена е и обука за безбедност на класифицирани информации за сите вработени во Секторот за меѓународна полициска соработка, каде е воспоставена контролна точка-подрегистар за класифицирани информации;

- Од страна на **Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика** се преземени следните активности:
  - воспоставена меѓуресорска работна група за изработка на Стратегија за компјутерска безбедност;
  - развивање на системот на приоритизација на Анализата на компјутерска опрема;
  - воспоставување Триаж систем за одземена компјутерска опрема/носачи на дигитални докази;
  - дефинирање на дел од Процедурите за обезбедување на дигитални докази од Интернет и меѓународните Интернет сервис провајдери;
  - изготвена работна верзија на страната за развивање на систем/web-страна за пријавување на компјутерски инциденти и несоодветни содржини на интернет.

Како резултат на преземените активности за справување со компјутерскиот криминал, од страна на Секторот поднесени се 10 кривични пријави за извршени кривични дела од областа на компјутерскиот криминал, остварена е соработка со други организациски единици во МВР во рамки на 134 истраги од различни области на криминал, а поднесени се 210 известувања до Јавното Обвинителство.

* * *

Во делот на зајакнување на капацитетите во борбата против **компјутерскиот криминал** во рамките на ИПА 2010 компонента 3, спроведени се 6 обуки за 50 компјутерски форензичари. Исто така, изготвени се наставните програми за компјутерски криминал и подршка за обезбедување обука и за истражни техники за компјутерски криминал.

- во насока на јакнење на капацитетите на **единиците за специјални полициски операции** набавени се возила и модерна опрема за специјални намени и комуникациска и информатичка опрема.
- за јакнење на капацитетите на **воздухопловните единици** во 2016г. воспоставен е систем за воздухопловно техничко одржување на хеликоптерите со потпишување на Рамковни договори за одржување со овластени сервиси (Патриа – Шведска за Белл хеликоптери и ХСК – Русија за Мил хеликоптерите).
- за потребите на службата за **аеродромска полициска база** донесено е Упатството за начинот на манипулирање и складирање на воздухопловни мазива и останати погонски средства.
- во областа на **криминалистичка техника**, отпочнати се подготвителни активности за реализација на проектот **ИПА II 2014-2020** „Понатамошно зајакнување на капацитетите за истраги и увид на лице место“.

**Во рамки на проектот „Унапредување на службата за криминалистичка техника согласно стандарите на ЕУ и акредитација на лабораториите при Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења“** во областа на безбедност и заштита при работа и проценка на ризици на работни места изготвена е Процедура за постапување со отпад и Упатство за постапување со лабораториски отпад и безбедност при ракување со отпад и класификација на опасен отпад, а склучени се и Договори со овластени фирми.

Покрај тоа, постигнати се и следните резултати:

- добиен сертификат за акредитација за имплементација на стандардот ИСО 17025;
- акредитирани се три лаборатории: лабораторија за биолошки испитувања и ДНК идентификација, лабораторија за токсикологија и дроги и лабораторија за испитување спорни документи;
- вклученост на три лаборатории во надворешно тестирање, со тоа што вкупно седум лаборатории се вклучени во овој процес кој се врши од надворешна, независна и овластена институција;
- изготвување интерни акти (Прирачник за квалитет, Процедури кои го документираат управувањето со Одделот, Технички процедури кои ги дефинираат постапките за работа при користење на акредитираните методи и Упатства со кои се дополнуваат процедурите и техничките процедури);

*   *   *

За унапредување на работењето во областа на **криминалистичко-технички испитувања и вештачења,** реализирани се **14 специјализирани** обуки и учествувано е на четири работилници. Воедно, реализирани се студиски посети на Националниот форензички институт на Линкопинг, Шведска и на Националната полициска лабораторија при МВР и Форензичката лабораторија на Карабинерите при Министерството за одбрана во Италија преку „TAIEX“, програмата.

3. Во рамки на потпрограмата **„Јакнење на БЈБ во областа на полициските работи од општа и посебна надлежност“** реализирани се следниве активности:

- изработена е **Стратегија за превентивно работење** (која е во фаза на одобрување) во рамки на проектот ИПА 2010;
- изготвен е **Прирачник за оперативно планирање** кој ќе служи како **референтна база** за сите полициски служби одговорни **за обезбедување на јавни настани, манифестации и спортски настани**;
- доставени се приоритетните потреби на МВР до Меѓународната агенција за атомска енергија, како дел од Програмата на активностите на Агенцијата за 2016г. учество во изработка на Национален извештај за напредокот на РМакедонија во исполнувањето на стратешките цели и приоритетите за акција на Хјого од Националната платформа на РМакедонија и во изработка на Нацрт-Стратегијата за намалување на ризици од несреќи и катастрофи;
- во рамки на проектот „Воспоставување на електронски систем за управување со документи“, изготвена е анализа на работата за управување со документи во организациските единици во МВР, формирана работна група за воведување и имплементирање на системот на ниво на БЈБ, работна група за навремена административна и стручна поддршка и мислења, забелешки и насоки на тимот од ангажираната фирма за имплеметнација на проектните активности и три работни подгрупи за архива, аналитика и човечки ресурси;
- овозможена е поголема достапност на податоците за полициските станици и вработените од регистарот на броеви и адреси кои се објавени на интернет страницата на МВР преку апликацијата, како дел од проектот „ON-LINE Полициски станици“;
- реализирани се проектите: „Е-пријава во полиција“, „Бизнисот и безбедноста“, „За спортот заедно“, „Полицијата и граѓаните заедно“ и „Мојот полицаец“.

*   *   *

Во делот на **едукација** одржана е работилница за развивање стандарди и методологија за вршење на стручен надзор преку размена на искуства со претставници од Ирска *(последователно, одржана е обука за контрола и надзор на работењето на организациските единици при СВР),* учествувано е на работилница и на подготвителни состаноци во Министерство за одбрана, со цел согледување на *процесот на планирање на вежбовни сценарија за справување со природни или од човек предизвикани катастрофи,* согласно *Програмата на CMEEP SEE* (Совет за

цивилно планирање во вонредни ситуации за земјите од ЈИЕ), реализирана во соработка со Амбасадата на САД во РМакедонија и спроведени се 24 обуки за стручно усовршување, еден курс и еден семинар со *учество на 2.556 полициски службеници.*

Во делот на **градежните работи и материјално-техничката опременост** за јакнење на капацитетите во областа на полициските работи од општа и посебна надлежност изграден е нов објект за потребите на ПС Ѓорче Петров во Скопје, делумно се реконструирани просториите на објектите на ПС Гази Баба и ПС Карпош, инсталирани се интерфони за комуникација во 10 полициски станици и набавен е инвентар во простории за приведување и задржување во полициските станици од општа и посебна надлежност.

4. Во потпрограмата **„Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на сообраќајните работи“** преземени се следниве активности:

- учество на работна средба за усогласување на конечен тест на Договор меѓу Владата на РМакедонија и Советот на министри на БиХ за реципрочно признавање на возачките дозволи;
- изготвување СОП за вршење на увид на сообраќајни незгоди, за работа со видео систем за контрола на брзината на движење во сообраќајот и за користење на уреди за принудно запирање на возилата;
- дадени Предлог-мерки за унифицирано, професионално, законито и етичко постапување на полициските службеници, како и усогласување на методологијата на работа;
- поставен видео надзор на место каде се врши контрола на возачи и возила, кај Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата при Секторот за сообраќајни работи;
- реализиран е проектот „Електронски систем на евиденција на наплата на казни“, преку кој е олеснета административната процедура за доставување на извршените наплати и казни.

* * *

Во делот на **едукација** одржани се 8 обуки со учество на *593 полициски службеници* (во рамки на проектот ИПА 2010 во компонента 4 „Зајакнување на капацитетите на униформираната полиција“), а учествувано е и на меѓународен стручен собир за унапредување на полициски работи во безбедноста на сообраќајот одржан во РСрбија.

5. Потпрограмата **„Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичките работи“** ја спроведува Одделот за криминалистичка полиција кој ги координира мерките и активностите со организациските единици во СВР и РЦ за ГР, во насока на воедначено постапување на оперативните полициски служби на терен.

- Во **области на финансиски криминал и перење пари учествувано е:**

- во седум финансиски истраги за откривање кривични дела поврзани со финансиски криминал и перење пари;
- при изготвување на Национална проценка за ризик (носител е Управата за финансиско разузнавање) во рамки на проектот „Изготвување на Национална проценка на ризик за перење пари во РМ“;
- на работни состаноци организирани од Совет на експерти за сузбивање на перење пари и финансирање тероризам (Committee of Experts on the Evaluation of Anti-Money Laundering Measures and the Financing of Terrorism, a monitoring body of the Council of Europe).

- Во **области на недозволена трговија со дрога:**

- воспоставени се три меѓусекторски заеднички криминалистички истраги;
- реализиран е случај на НТ со дрога на територијата на РАлбанија, преку размена на инфомации, а во координација на СЕЛЕК Центарот-Букурешт, Романија.

- Во **области на недозволена трговија со оружје:**

- учествувано е во работна група во Националната комисија за мало и лесно оружје и во активностите на работните групи за измена на Законот за оружје и Законот за заштита од експлозивни материи.

- Во **области на заштита на културното наследство:**

- партиципирање во работна група за изработка на Предлог-Акциски план за превенција на криминалот.

Во **области на класичната корупција** бележиме зголемување на стапката на расветлени кривични дела за 35,7%, а во делот на санкционирани сторители бележиме зголемување за 38,8%.

Во **области на злоупотреба на службена положба и овластување со коруптивни елементи** зголемена е откривачката функција за 11,6%.

* * *

За унапредување на работењето во рамки на оваа потпрограма, реализирани се **девет** обуки за стручно дооспособување на кадарот на кои присуствуваа вкупно 51 учесник од Одделот. Воедно, девет претставници учествуваа на **две работилници** поврзани со законска регулатива за конфискување на имот и методи и техники за откривање на кривични дела во области на корупцијата во спортот. Истовремено, претставник од Одделот (како контакт точка од МВР за корупција во спортот) учествуваше на конференција за развивање на Европските иницијативи за борба против местење на спортски натпревари, во организација на Генералниот Директорат при Европската комисија.

6. Активностите во потпрограмата **„Зајакнување на капацитетите на БЈБ во делот на граничните работи и миграцијата“**, беа насочени кон континуирано зајакнување на меѓународната полициска соработка и интензивирање на интер-агенциската соработка во процесот на интегрирано гранично управување, за успешно

спротивставување на новите предизвици и облици на загрозување, зголемување на ефикасноста, оперативните капацитети и етаблирање на ефикасен менаџмент, а се реализираа преку:

- имлементацијата на сервисниот договор за проектот ИПА 2010, во рамки на компонента 1, изготвени се 12 документи за унапредување на капацитетите во делот на граничните работи и миграцијата, управување со ризици за граничното полициско работење, согласно најдобрите ЕУ практики и повеќе наставни програми за специјализирани обуки;
- практична имплементација на проектите **ИПА 2011 „Владеење на право"**, со цел развивање концепт на полициско работење со разузнавачки информации во рамките на централните, регионалните и локалните полициски служби и РЦ за ГР во БЈБ и ИПА 2012-2013 **„Секторски план за поддршка на Секторот за правда, внатрешни работи и човекови права"**, поконкретно во мерката 5- Воспоставување на бизнис континуитет и центар за обновување на база на податоци како основа за идниот шенгенски систем", склучен е Рамковен договор со кој се ангажирани 4 експерти за изработка на тендерско досие за градежни работи;
- учество во 8 заеднички операции на Frontex, 2 заеднички и 1 координирана операција поддржани од DCAF;
- ангажирани 1.171 полициски службеници од 8 земји *(Хрватска, Србија, Словенија, Австрија, Чешка, Полска, Унгарија, Словачка)* во рамки на координирани активности за засилен надзор на јужната граница;
- унапредена соработка со граничните служби на соседните држави: реализирани се 833 средби и 447 заеднички мешовити патроли, а преку заедничките контакт центри за полициска соработка разменети се податоци и информации во вкупно 4.281 случаеви;
- разменети податоци и информации преку Националниот координативен центар за интегрирано гранично управување, а во насока на унапредување на меѓуинституционалната соработка во вкупно 3.052 случаи;
- изготвен е СОП за Прифатниот центар за странци и учествувано е во изготвување на нов Закон за странци и Закон за азил и привремена заштита;
- во делот на превенцијата реализирани се: 446 трибини, работни средби, „Проект за едукација на населението од пограничните области-Стоп за илегалната миграција" *(подржан од IOM)*, „Проект за регулирање на привремен престој на странски студенти кои студираат на Универзитетите во РМакедонија", активност „Едукација на месно население и локална власт за заштита на здравјето и постапка при ниски температури", како и трибини со ранливи категории на лица во делот на злоупотреба на безвизниот режим со членките на ЕУ.

* * *

Од аспект на јакнење на капацитеите на оваа област, реализирани се вкупно 189 обуки (со учество на 6.512 полициски службеници), од кои 8 на централно ниво, 74 на регионално ниво, 80 обуки на локално и други обуки одржани во соработка со домашни и странски партнери.

Во делот на **материјално-техничкото опремување** добиени се донации:

- 1 уред за проверка на документи и 30 термални камери, како специјална мерка за подршка на РМакедонија од страна на ЕУ (преку IОМ);
- 24 возила (5 патнички, 2 специјални возила за спровод, 12 минибуси, 2 автобуси, 3 теренски возила), од страна на IОМ;
- 25 теренски возила од РЧешка;
- 1 возило за потребите на водичите на службени кучиња и две службени кучиња за откривање дрога, оружје и муниција, од амбасадата на САД во РМакедонија– EXBS програма во соработка со ОБСЕ.

Во стратешката програма **„ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН И СЕРИОЗЕН КРИМИНАЛ“** во рамки на Проектот ИПА 2010, компонента 2 - Градење на капацитетите на Оделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал и компонента 3 - Зајакнување на капацитетите за сузбивање на финансискиот криминал изготвени се:

- антикорупциска програма за Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во согласност со антикорупциската програма на МВР;
- анализа за функционирање на базата на податоци за фалсификување пари и препораки за истата;
- анализа на слабости и препораки за финансиски истраги;
- прирачник „Примери од пракса од областа на финансискиот криминал“;
- Прирачник за фалсификување пари;
- анализа на слабости за функционирање со препораки за подобрување на ефикасноста и соработката со други соодветни државни институции (за потребите на Централната Канцеларија за водење истраги во областа на фалсификување пари).

Во рамки на Проектот ИПА 2012-2013 **„Секторски план за поддршка на Секторот за правда, внатрешни работи и човекови права“** во мерката 2: **Јакнење на националните капацитети за борба против организираниот криминал**, склучен е сервисен договор со консултанската куќа, а започната е и практична имплементација на проектот (склучен е Рамковен договор, ангажирани 4 експерти за изготвување на Студија на изводливост, Техничка спецификација и СОП за користење на опремата).

Во делот на **корупцијата, меѓуинституционалната соработка** се остваруваше преку:

- партиципирање во работна група за изготвување на предлог Закон за укажувачи (носител на активностите е Државната комисија за спречување на корупција);
- учество во заедничка истрага со Царинската управа;

- учество во заеднички истражен тим по наредба на Јавен обвинител со претставници од УЈП и Царинската управа;
- соработка со УФР во делот на финансиските истраги и
- соработка со Бирото за јавни набавки.

Во областа на **НТ со дрога**, во делот на **меѓународната соработка**, одржани се пет работни состаноци меѓу претставници од РМакедонија и РАлбанија (со присуство и Јавни обвинители од двете земји), во координација на СЕЛЕК Центарот-Букурешт, Романија.

Во областа на **трговијата со луѓе и криумчарење мигранти** во делот на зајакнување на капацитетите, преземени се активности во координација и организација со Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и тоа;
- изготвување СОП за постапување со ранливи категории на лица-странци;
- усвојување индикатори за идентификување жртви на трговија со луѓе (во соработка со IOM Скопје);
- изготвување Националната стратегија и Акциски план за периодот 2017-2020г.;
- изготвена е Евалуација на Националната стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во РМакедонија за периодот 2013-2016г.

Во оваа област забележано е зголемување на откривачката функција за 4,5%, а како резултат на преземени мерки и активности во делот на превенцијата, бројот на идентификувани жртви на трговија со луѓе е зголемен за 33,3%. Исто така, забележано е енормно зголемување на бројот на идентификувани потенцијални жртви (од над 2 пати во однос на 2015г.) најчесто мигранти, како резултат на мигрантската криза.

* * *

Во делот на едукација, спроведени се 15 обуки со учество на 430 полициски службеници, од кои 12 обуки се реализирани во рамки на проектот ИПА 2010, на кои учествуваа 426 полициски службеници.

Во рамки на ИПА 2011 - Развивање систем за собирање и анализа на разузнавачки информации во борба против организиран криминал еден полициски службеник од Одделот за криминалистичка полиција учествувал на работилница за развој на модел за обука.

Покрај тоа, во областа на финансискиот криминал и корупцијата, учествувано е на обуки во земјата и странство за истражување на финансиски криминал, перење пари, техники на водење финансиски истраги и финансирање тероризам, а во областа на **заштита на сведоци** се реализираа три обуки.

Од страна на УБК во рамки на стратешката програма ***„НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ И БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ“***:

- одржани три работни состаноци со преставници на УБК и МНР за изменување и дополнување на „Упатството за работење во ДКП-та на РМакедонија во кризна, вонредна и воена состојба на МНР“;
- учество на УБК на 3 директорски и 5 експертски средби во рамки на SEEIC и MEC;
- предложени се три иницијативи за воспоставување на билатерална соработка со безбедносни служби на други земји.

* * *

Во програмата **„Национална безбедност и борба против тероризмот“** во 2016г. одржани се 4 обуки на кои присуствувале вкупно 44 лица, вработени во Управата.

Активностите од стратешката програма ***„РЕФОРМА ВО ПОЛИЦИЈАТА“*** се разработени во три потпрограми.

*1.* Во потпрограмата **„Управување со човечки ресурси“**, од страна на Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси:

- воспоставен е систем за обезбедување на квалитет на обуката преку евалуација на учесниците на претходно спроведена обука;
- донесен е СОП за работни процеси во Одделението за обука и развој на персоналот и застапеност на заедниците и еднаквост на половите;
- учество на координаторот и заменик координаторот во работната група за планирање и спроведување на родово одговорно буџетирање при интегрирање на родовиот концепт во МВР. Според податоците, процентуалната застапенот на жени во полицијата (униформирани полициски службеници) е 8,5 % .
- воспоставена е соработка со Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, при што понудени се нови вежби за утврдување на моторичките способности за прием на полицајци.

* * *

Од аспект на стручно оспособување во делот за управување со човечки ресурси, дисциплинска постапка, номо-техничка работа, за справување со стрес и работа под притисок, како и за подигање на свеста за родова еднаквост, спроведени се 24 обуки, на кои партиципирале 132 лица.

Покрај ова, континуирано стручно се усовршуваат вработените во БЈБ, при што спроведени се 598 стручни усовршувања, со учество на вкупно 15.613 лица, а изготвен е и предлог за спроведување обуки за менаџмент,.

Во рамки на проектот **„Управно надзорни работи“**, во подготовка е нов софтвер за електронска евиденција на издавање одобренија за набавка и регистрирање на оружје за правни и физички лица, како и за контрола на продавниците и магацините на правните лица кои имаат дејност промет со оружје, муниција и делови за оружје.

Во завршна фаза се проектите „Олеснување на пристапот до документи“, „Лична карта во вашиот дом“, „Полесно до личен документ“, а Проектот „Нови дисперзирани канцеларии“ е завршен и отворени се 8 дисперзирани канцеларии.

Согласно динамиката за реализација на планираните активност за 2016г., ***Центарот за обука*** реализираше вкупно 136 обуки (2 основни обуки за полицаец и 134 континуирани обуки) за 3.565 учесници.

**2.** Во потпрограма „**Зајакнување на капацитетите на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и спроведување на антикорупциска програма„**:

- зголемен е бројот за поведување на дисциплински постапки против полициски службеници за 19% во однос на 2015г.;
- започната е реализација на проектот „Зајакнување на човековите права во полициско работење во РМакедонија“;
- воспоставен е *систем на интерресорска соработка* во МВР преку промовирање на „Прирачникот за спроведување на обуки за полициски интегритет“ и *систем на меѓународна соработка*, при што одржана е регионалната средба за воспоставување на неформална мрежа за размена на информации во реално време;
- изготвена е Антикорупциска програма за 2017г. на МВР со Акционен план, превентивни планови за спречување на корупцијата во министерството, како и план за *спречување на незаконито и непрофесионално постапување на вработените за време на избори;*
- *зајакнување на доверба на граѓаните во полицијата,* со навремено доставување одговори по доставени преставки, односно намален е бројот на поднесени преставки за 5% во однос на 2015г.

* * *

Со цел стручно оспособување на вработените реализирани се 5 едукативни активности, на кои присуствувале 5 претставници од Одделот.

**3.** Во потпрограмата **„Надградба на телекомуникациски и информатички систем во МВР„** во тек е реализација на проектот *„Воспоставување ИКТ центар за континуитет во работењето и опоравување од катастрофа“,* (дел од проектот ИПА 2014 „Имплементација на систем за континуитет во работата и опоравување од катастрофи“-фаза 2), а проектот *„Мрежна инфраструктура за IP телефонија и миграција на телефонски централи во VoIP“* е во завршна фаза.

# ПРОГРАМИ

Стратешкиот план на МВР за период 2017-2019г. содржи *3 програми*, преку кои ќе се остваруваат стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на РМакедонија. Програмите содржат *10 потпрограми во кои се предвидени проекти, потпроекти и активности,* произлезени од мисијата МВР, а со чија реализација би биле поблиску до остварување на визијата на министерството.



# РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА

Стратешката програма **„Развој на полицијата“** е разработена во пет потпрограми во кои се содржани проекти и активности во насока на унапредување и зајакнување на капацитетите на Бирото за јавна безбедност и истата е во функција на остварување на:

***стратешките приоритети за 2017г. на Владата на РМакедонија:***

- Интеграција на РМакедонија во ЕУ и НАТО
- Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото
- Одржување добри меѓуетнички односи врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и подеднаков третман на сите пред законот

***приоритетни цели на Владата на РМакедонија:***

- *Одржување на стабилност на јавната безбедност и јакнење на административните капацитети за борба со прекуграничниот криминал*
- *Јакнење на борбата против корупцијата и организираниот криминал*
- *Подобрување на ефикасноста во борбата против тероризмот и заштита на националната безбедност*
- *Заокружување на процесот на реформа во полицијата*

Поврзаност на програмата со НПАА: Поглавје 3.24 „Правда, слобода и безбедност“, Сектор 3.24.6 Полициска соработка и борба против организиран криминал, Сектор 3.24.8 „Борба против дрога“, Сектор 3.24.1. Миграција, Сектор 3.24.4. Надворешни граници и граници на шенген зоната

***стратешкиот приоритет* за 2017г. на МВР:**

- Зајакнување на оперативните капацитети, модернизација и стандардизација на полицијата со цел зголемување на нивото на јавната безбедност, превенција, спречување и борба со организираниот криминал, прекуграничниот криминал и илегалната миграција, ефикасно и ефективно справување со корупцијата, како и подобрување на безбедноста во патниот сообраќај

***приоритетни цели на МВР:***

- *Модернизација и стандардизација на полицијата со користење современи методи за извршување задачи и должности во согласност со најдобрите практики, препораки и стандарди на ЕУ*
- *Зајакнување на капацитетите на полицијата за превенција, спречување и борба со*

*организираниот криминал и корупцијата со користење современи истражни методи и техники*

- *Зајакнување на оперативните капацитети на Одделот за гранични работи и миграции и Регионалните Центри во борбата против прекуграничниот криминал и илегалната миграција*
- *Понатамошен развој на демократските принципи на полициското работење за подобрување на нивото на доверба меѓу граѓаните и полицијата, вклучувајќи и почитување на човековите права*
- *Зголемување на нивото на јавна безбедност, вклучувајќи ја безбедноста во патниот сообраќај*
- *Подобрување на внатрешната, националната и меѓународната соработка*

***<u>показатели за успех на програмата:</u>***

- Унапредени, модернизирани и стандардизирани методи и капацитети на БЈБ во согласност со најдобрите практики, препораки и стандарди на ЕУ
- Зајакнати оперативни капацитети и имплементирање на современи истражни методи и техники за превенција, спречување и борба со организираниот криминал и корупција, прекуграничниот криминал и илегалната миграција
- Развиени демократски принципи во полициското работење, зголемена доверба во полицијата и почитување на човековите права
- Зголемено ниво на јавна безбедност, вклучувајќи ја безбедноста во патниот сообраќај;
- Подобрена меѓусекторска, меѓуинституционална и меѓународна полициска соработка.



## Потпрограми и компоненти од програмата

**потпрограма 1:**

**Јакнење на капацитетите во делот на понатамошна професионализација на БЈБ**



**показатели на успешност**:

- зголемено ниво на соработка со заедницата и локалната самоуправа во насока на превенција на криминогени однесувања, доверба во полицијата и едуцирање на граѓаните за препознавање на можни закани од терористички напади;
- зголемена професионалност во работењето на полициските службеници;
- унапредена заштита на правата на децата.

**потпрограма 2:**

**Јакнење на капацитети на БЈБ во делот на криминалистички работи и сузбивање на организиран криминал**

**показатели на успешност**:

- институционално уредена интерагенциска и меѓународна соработка;
- унапредена информатичка технологија и користење на податоци од електронски бази на национално ниво;
- модернизирани капацитети и примена на софистицирани методи во областа на криминалистичко технички и форензички испитувања и вештачења.

**потпрограма 3:**

**Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на полициските работи од општа и посебна надлежност и за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата**



**показатели на успешност:**

- модернизирани капацитети и стандардизирани простории за задржување на лица и работа со деца-жртви;
- формирање и функционалност на оперативните комуникациски центри;
- модернизација на капацитетите за контрола на возила и возачи и увид при сообраќајни незгоди.

**потпрограма 4:**

**Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на граничното управување и миграции**

**показатели на успешност:**

- подобрена ефикасност и ефективност и зголемен меѓународен углед;
- намален број на илегални преминувања, криумчарење мигранти и трговија со луѓе;
- зајакнати капацитети за пресретнување и реакција;
- модернизирани капацитети и софистицирана опрема за гранични проверки и надзор.

**потпрограма 5:**

**Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на специјализираните полициски служби**



**показатели за успешност**:

- унапредена стручност и обученост на припадниците на специјализираните полициски служби;
- обновен возен парк и современа материјално-техничка опрема за урбана и рурална средина;
- ефективност и ефикасност во реализација на специјализирани полициски операции.

# НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ И БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ

*Стратешката програма **„Национална безбедност и борба против тероризмот“** е во функција на остварување на:*

***<u>стратешките приоритети за 2017г. на Владата на РМакедонија</u>:***

- *Интеграција на РМакедонија во ЕУ и НАТО*
- *Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото*

***<u>приоритетните цели на Владата на РМакедонија:</u>***

- *Превенција, профилирање, проценување, заштита и сузбивање на сите облици на терористички закани и дејствија поврзани со тероризмот и јакнење на активностите за пресекување на финансиските текови за финансирање на тероризмот*
- *Јакнење на борбата против корупцијата и организираниот криминал*

Поврзаност на програмата со НПАА: Поглавје 3.24 "Правда, слобода и безбедност", Сектор 3.24.7 "Борба против тероризам", Сектор 3.24.6 "Полициска соработка и борба против организиран криминал"

***<u>стратешкиот приоритет за 2017г. на МВР:</u>***

- Превенција од радикализација, спречување терористички закани и дејствија и други противуставни активности од радикални и криминално-екстремни групи и поединци, бескомпромисна борба против корупцијата и организираниот криминал и поддршка на меѓународната безбедносна политика во спротивставувањето со тероризмот

***<u>приоритетни цели на МВР:</u>***

- Идентификување на сите облици на противуставни закани, дејствија и активности поврзани со тероризмот
- Утврдување на превентивни активности за заштита од тероризам
- Сузбивање на терористички дејствија и противуставни активности од радикални и криминално-екстремни групи и поединци
- Јакнење на мерки за пресекување на финансиски прилив за финансирање на тероризмот
- Јакнење на националната безбедност и поддршка на меѓународната безбедносна политика во спротивставувањето со тероризмот

- Јакнење на борба против корупцијата и организираниот криминал
- Заштита на демократските вредности утврдени со Уставот на РМакедонија

**<u>показатели за успех на програмата:</u>**

- Зајакнување на соработката на национално и меѓународно ниво и координирање на активности за размена на информации во борбата против тероризмот
- Развивање на граѓанската свест за значењето на борбата против тероризмот и за улогата на УБК и другите национални институции кои активно учествуваат во борбата против тероризмот
- Јакнење на националната безбедност и поддршка на меѓународната безбедносна политика во спротивставувањето на тероризмот
- Акционен план за имплементација на Националната Стратегија на РМакедонија за борба против тероризмот

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ НА МВР

Стратешката програма ***Унапредување на заедничките функции на МВР*** *е во функција на остварување на:*

***<u>стратешкиот приоритет за 2017г. на Владата на РМакедонија</u>:***

- *Одржување добри меѓуетнички односи врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и подеднаков третман на сите пред законот*

***<u>приоритетните цели на Владата на РМакедонија</u>:***

- *Зголемување на учеството на граѓанскиот сектор и социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политиките*
- *Вклучување на родовата перспектива и недискриминација во креирањето и спроведувањето на политиките на централно и локално ниво и унапредување на еднакви можности на сите нивоа*
- *Придонес во меѓународните операции (на ООН, НАТО и ЕУ, како дел од заедничката безбедносна и одбранбена политика)*
- *Интеграција во политичките и воените структури на НАТО*
- *Создавање на ефикасен систем за заштита и почитување на човековите права и слободи и нивна заштита*
- *Интегрирано, ефикасно и модерно работење на администрацијата и обезбедување на услуги целосно приспособени на потребите на граѓаните и бизнис заедницата*
- *Создавање на компетентна администрација – сервисно и услужно ориентирана кон одржлив социјален и економски развој на земјата*
- *Развој и примена на информациските технологии во сите сегменти на живеењето*

Поврзаност на програмата со НПАА: Поглавје 3.24 „Правда, слобода и безбедност“, Сектор 3.24.2. „Азил“ и Сектор 3.24.3. „Визна политика“

***<u>стратешки приоритет за 2017г. на МВР:</u>***

- Интеграција во ЕУ и НАТО, меѓусебна толеранција, добри меѓуетнички односи и подеднаков третман на граѓаните пред законот, понатамошен развој на демократски принципи во полициско работење и почитување на човековите права, согласно европските препораки и страндарди

***<u>приоритетни цели на МВР:</u>***

- *Понатамошен развој на демократските принципи и подобрување на нивото на доверба меѓу граѓаните и полицијата*
- *Вклучување во родовата перспектива и недискриминација во спроведувањето на законите и подеднаков третман и можности*
- *Зголемена ефикасност во откривање на непрофесионално и незаконито постапување на припадниците на министерството*
- *Исполнување на обврските од Акциониот план за членство во НАТО и Партнерските цели*
- *Исполнување на обврските од Акциониот план за НПАА за членство на РМакедонија во ЕУ и Извештајот за напредокот на РМакедонија од 2015г.*
- *Унапредување на соработката со Народниот правобранител и Невладиниот сектор*
- *Намалување на можноста за нарушување на безбедноста на класифицирани информации*

***<u>показатели за успех на програмата:</u>***

- Ефикасен електронски систем за менаџирање со документи
- Професионално работење на вработените со зајакнување на довербата на граѓаните во полицијата
- Подобрување на услугите кон граѓаните и сервисна ориентација на МВР
- Повисока безбедност на информатичкиот систем на МВР
- Имплементација на активностите од Годишната национална програма за членство на РМакедонија во НАТО

## Потпрограми и компоненти од програмата:

**потпрограма 1:**

**Воведување систем за управување со документи (DMS)**



**показатели на успешност:**

- овозможен брз проток на информации и документи во ОЕ во состав на МВР
- трајно чување и архвирање на документи и реализирани работни процеси во деловниот систем
- единственост и унифицираност на податоците

**потпрограма 2:**

**Управување со човечки ресурси**



**показатели на успешност:**

- зголемување на ефективноста, ефикасноста и одговорноста на вработените
- подигање на свеста за родова еднаквост
- процентуална застапеност на жени и мажи во полицијата по ранг

потпрограма 3:

Зајакнување на капацитетите за внатрешна контрола, професионални стандарди и спроведување на антикорупциска програма




**показатели на успешност:**

- обезбедување на професионална служба и почитување на основните човекови права
- зголемување на капацитетите во борбата против корупцијата во МВР
- професионална и континуирана едукација за борба против корупција

потпрограма 4:

Надградба на телекомуникациски и информатички систем во МВР



**показатели на успешност:**

- зголемување на квалитетот и брзината на мрежата
- повисока безбедност на информатичкиот систем на МВР на РМакедонија
- обезбедување на интероперабилност на новите апликации

потпрограма 5:

**Интеграција во НАТО и безбедност на класифицирани информации**



**показатели на успешност:**

- исполнување на обврските од Акциониот план за членство во НАТО и Партнерските цели за членство во НАТО;
- обучен персонал со сертификати за мировни мисии;

# ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ

| КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ | |
|---|---|
| 2017 | Одделот за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси во МВР, ги врши работите кои се однесуваат на потребите на преточување на политиките во нормативни акти, пред се во областа на правните работи и управувањето со човечки ресурси. Во функција на остварување на приоритетите и приоритетните цели утврдени во Стратешкиот план на МВР 2017-2019 Одделот ќе презема активности во насока на:<br>- креирање нормативна регулатива на министерството, преку изготвување Предлог-закони и подзаконски акти од областа на внатрешните и полициските работи;<br>- подготвување и давање мислења по закони и прописи подготвени од страна на други министерства;<br>- учество во процесот на транспонирање на правото на ЕУ при изработка на нормативната регулатива на МВР;<br>- изработување информации и нивно доставување до Владата на РМакедонија;<br>- постапување по заклучоци донесени од Владата на РМакедонија;<br>- учество во изготвување на годишни програми на Владата на РМакедонија;<br>- застапување во судски постапки и имотно-правни работи;<br>- постапување во сите активности поврзани со остварување на права од работен однос;<br>- други активности утврдени во Правилникот за работа и организација на министерството. |
| 2018 | Во 2018г. Одделот ќе се продолжи со конкретен придонес за преточување на креираните политики во нормативни акти и проекти преку кои успешно ќе ги остварат поставените приоритети и цели на Владата на РМакедонија, согласно Стратешкиот план 2017-2019г. |
| 2019 | Во 2019г. се продолжува со активностите од 2018г., согласно Стратешкиот план 2019-2021г.. |

| ПРИНЦИПИ НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ | |
|---|---|
| 2017 | За изградба на интегрирано мултиетничко општество кое ќе гарантира мир, стабилност и демократски развој на РМакедонија, како и исполнување на начелото за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, МВР води посебна грижа која ќе резултира со натамошно градење и јакнење на довербата во полицијата.<br>МВР ги исполнува обврските кои произлегуваат од Стратегијата за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство. |
| 2018 | Заложбите на министерството и понатаму ќе бидат насочени кон одржливост на општество во кое има мир и стабилен демократски развој со интенција за зголемување на процентот на припадници на другите етнички заедници, базирани на квалитет, стручност и компетентност. |
| 2019 | Зајакнување на довербата на останатите заедници и сите граѓани во полицијата, преку унапредување на интегрираното мултиетничко општество. |

| СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ | |
|---|---|
| **2017** | Надлежна организациска единица за стратешко планирање во МВР е Единицата за стратешко планирање при Секторот за стратешко планирање и управување со квалитет во Одделот за односи со јавност и стратешки прашања. Оваа Единица е основен носител на процесот на изработка на тригодишен развоен Стратешки план, на МВР, во кој се дефинирани мисијата, визијата, среднорочните приоритети и приоритетни цели на МВР, кои се во согласност и во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата на РМакедонија.<br><br>Во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетни цели, Единицата а со цел следење и евалуација на национални стратегии и стратегии и проекти по области во министерството, од страна на работна група (формирана од вработени во Единицата и Одделот за информатика и телекомуникации) веќе е започнато со изработка на „Проект за информатичко-техничка поддршка за следење и евалуација на стратегии и проекти во МВР“. Во 2016г. по изготвувањето и усвојувањето на *„Проектна Идеја“* и *„Проценка за потребното време и човечки ресурси за развивање на апликација за следење и евалуација на стратегиите и проектите во МВР, со сопствени ресурси“*, проектот официјално започна да се реализира на 15.10.2016г. Во рамки на неговата имплементација, изготвена е *„Нацрт-методологија за управување со проекти и уредување на процесот за следење и евалуација на стратегиите и проектите во МВР“*, а согласно утврдената динамика во рамки на првата активност (фаза) од проектот „Анализа и дефинирање на корисничките барања“, завршена е успешно првата подактивност и изготвен е документ за *„Тековна состојба за управување со проекти и уредување на процесот за следење и евалуација на стратегиите и проектите во МВР“*. Со цел понатамошна реализација, ќе се продолжи со изготвување на интегриран документ во кој детално ќе бидат опишани и образложени сите процеси во однос на „Посакуваната состојба во областа на конципирање, планирање, следење и еваулација на стратегии и проекти “, утврдување на „Дизајнот на идниот работен процес“, дефинирање на обемот и границите на системот, дефинирање на функционалните барања, изработување на „Документ за цели“, изработување на „Упатство за следење и евалуација на стратегии и проекти во МВР“ и други работи согласно утврдената динамика. |
| **2018** | Единицата за стратешко планирање ќе ги извршува работите од своја надлежност, а како приоритет ќе биде ажурирањето на актуелниот Стратешкиот план на МВР и изготвувањето Нацрт-стратешкиот план на МВР за наредниот период и заокружување на систем на модерен проектен менаџмент преку изготување Упатство и софтверска апликација на „Проектот за информатичко-техничка поддршка за следење и евалуација на реализацијата на стратегиите и проектите во МВР“. |
| **2019** | Единицата за стратешко планирање ќе ги извршува работите од своја надлежност, а како приоритет ќе биде ажурирањето на актуелниот Стратешкиот план на МВР, изготвување на Нацрт-стратешки план на МВР за наредниот период и етаблирање на модерен систем за стратешко планирање и управување со проекти и стратегии на ниво на МВР. |

| ПРАВНИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | |
|---|---|
| 2017 | **1.Нормативна дејност и имотно-правни работи**<br>Одделот за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси, како организациска единица во министерството, надлежна за надградување на нормативните акти на министерството, согласно политиката на Владата на РМакедонија и измените во законската регулатива, во текот на 2017г. по донесувањето на новиот Закон за азил и привремена заштита и Законот за странци, ќе врши имплементација на законските одредби, како и донесување подзаконски прописи и интерни акти кои произлегуваат од Законот за внатрешни работи и Колективниот договор на МВР.<br>**2. Судски постапки и имотно-правна заштита**<br>Одделот за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси ја истакнува потребата од усовршување на работниците во Одделот преку најразлични форми на стручно оспособување, односно како континуирани така и индивидуални обуки, семинари, курсеви од областа на правните науки, со цел едукација и усовршување на работниците во насока на зголемување на ефикасноста и ефективноста во извршувањето на работните обврски и задачи поврзани со судските постапки и имотно-правната заштита. Поконкретно, Одделот за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси планира, посета и присуство на следните видови стручно оспособување:<br>- обуки организирани од страна на Здружението на правници на РМакедонија кое што два пати годишно одржува средби на правници на територија на РМакедонија и тоа на правни теми кои се специфични и актуелни во даден момент, предавања и советувања во врска со ново донесени закони и подзаконски прописи и сл;<br>- спроведување на професионални обуки од Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во насока на создавање современ правосуден систем, заснован на европски вредности и целосно хармонизиран со европската легислатива, инкорпорирајќи ги меѓународните стандари, со цел полесен и поефикасен пристап до правдата;<br>- обуки организирани и спроведувани од Друштвото за услуги Академик ДООЕЛ Скопје, со цел унапредување и доусовршување на работници кои работат во оваа област;<br>- учество на обуки и семинари од меѓународен карактер, за размена и стекнување меѓународни искуства и пракса од потребните области.<br><br>**3.Човечки ресурси**<br>Во 2017г. во делот на управување со човечки ресурси ќе се реализираат следните активности:<br>- имплементација на новиот Закон за внатрешни работи и Стратегијата за управување со човечки ресурси 2014-2018г.;<br>- анализа на имплементацијата на системот за професионален и кариерен развој;<br>- анализа на потребите за обука во сите организациски единици во рамки на БЈБ; |

| | |
|---|---|
| | - анализа на имплементација на системот за управување со ефектот на работниците;<br>- изготвување Годишен план за обука во рамките на МВР за 2017г.;<br>- комплетно реализирање на Планот за обука (согласно можностите) во соработка со Центарот за обука;<br>- проектирање и воведување систем за самоучење на работниците во БЈБ;<br>- спроведување и анализа на системот на континуирана обука на работниците;<br>- следење и ажурирање на реализираните обуки на работниците во МВР;<br>- спроведување на целокупната постапка на селекција на кандидати за полицаец по објавен јавен оглас за полицајци;<br>- имплементација на софтверска програма за пополнување на барање за полагање на приправнички испит по електронски пат;<br>- спроведување здравствени прегледи како обврска на работодавачот да ги обезбеди за вработените, согласно Законот за безбедност и здравје при работа. |
| 2018 | - изготвување Годишен план за обука на работниците на МВР за 2018г.;<br>- имлементација на Стратегијата за равој на полицијата 2016-2020г,<br>- континуирано изготвување акти и спроведување на процесот на оценување на овластените службени лица;<br>- имплементирање на донесените подзаконски акти во делот на оценувањето и полугодишното интервју на овластените службени лица;<br>- континурано изготвување на акти и спроведување на процесот на оценување и кариерниот развој на вработените во МВР;<br>- донесување Програма за волонтирање во министерството за 2019г.;<br>- изготвување Годишен план за соодветна и правична застапеност во МВР; |
| 2019 | - имплементација на Стратегијата за управување со човечки ресурси на МВР 2014-2018;<br>- донесување Програма за волонтирање во министерството за 2020г.;<br>- изготвување Годишен план за обуки за 2019г. на МВР;<br>- имлементација на Стратегијата за равој на полицијата 2016-2020г;<br>- континуирано донесување решенија за распоредување и решенија за унапредување по потреба на министерството, по барање на работник/по пат на објавување интерен оглас;<br>- измени и дополнувања на актите за организација и работа и систематизација на работните места во министерството;<br>- следење и ажурирање на реализираните обуки на работниците во МВР;<br>- изготвување акти и спроведување на процесот на оценување на овластените службени лица за 2018г.;<br>- имплементирање на донесените подзаконски акти во делот на оценувањето и полугодишното интервју на овластените службени лица во МВР;<br>- изготвување Годишен план за соодветна и правична застапеност на МВР за 2020г.; |

| ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ И УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВА | |
|---|---|
| | Одделението за буџетска координација во Одделот за финансиски прашања при МВР врши координативни активности со сите организациски единици во процесот на подготовка на буџетска пресметка, согласно насоките од Министерството за финансии и планираните програми и активности во Стратешкиот план на МВР за 2017-2019г. Сите активности во овој процес се одвиваат согласно буџетските начела за економичност, |

| | |
|---|---|
| 2017 | ефективност и ефикасност. Програмите во Стратешкиот план на МВР за 2017-2019г., се усогласени со Буџетот на МВР за 2017г. за кои се предвидени вкупно 90.400.000,00 ден. Поконкретно:<br>1. за програма **„Развој на полиција"** во Буџетот на МВР за 2017г. предвидени се вкупно 17.100.000ден. преку буџетска програма 2А-Реформи во полиција, 2Б-Реконструкција и опремување на згради и владината програма Г1-Борба против корупција и организиран криминал;<br>2. за програмата **„Национална безбедност и борба против тероризмот"** во Буџетот на МВР за 2017г. предвидени се вкупно 29.000.000,00ден. преку буџетска прогама 40-Државна безбедност;<br>3. за програмата **„Унапредување на зедничките функции на МВР"** во Буџетот на МВР за 2017г. предвидени се вкупно 44.300.000,00ден. преку буџетската програма 2А-реформи во полицијата. |
| 2018 | Финансиските средства за реализација на програмите во Стратешкиот план на РМакедонија 2018-2020г. се планираат во висина од 339.503.000,00ден. |
| 2019 | Финансиските средства за реализација на програмите во Стратешкиот план на РМакедонија 2019-2021г. се планираат во висина од 339.503.000,00ден. |

| УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАТИЧКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ | |
|---|---|
| 2017 | Одделот за информатика и телекомуникации согласно потребите за развој на министерството, ќе ги презема следниве активости:<br>1. климатизација на систем сали и резервно напојување на систем сали;<br>2. редизајн на Регистерот на моторни возила;<br>3. единствен систем на номенклатури;<br>4. електронска лична карта;<br>5. подигање на нивото на заштита на информатичкиот систем. |
| 2018 | Имплементација на дефинирани проекти, како и Предлог за нови стратешки проекти „Воспоставување на класифицирана компјутерска подмрежа, кој е планирано да се реализира во соработка со Секторот за безбедност на информации и проектот „Широко појасни податочни радио-комуникациски системи (чија временска рамка е 2018г.-2020г.) |
| 2019 | Имплементација на дефинирани проекти. |

| НАЦИОНАЛНА ИПА ПРОГРАМА | |
|---|---|
| 2017 | Во текот на 2017г. Одделението за ИПА ќе работи на реализација на следните проекти:<br>- **ИПА 2011 „Владеење на право"** (Твининг проект)<br>**Општа цел:**<br>Развивање на концепт на полициско работење со разузнавачки информации во рамките на централните, регионалните и локални полициски служби и регионалните |

центри за гранични работи во БЈБ;

<u>**Вредност на проектот**</u>: 900.000 евра од кои 45.000 евра национално кофинансирање.

<u>**Статус:**</u> Избран е твининг партнер (РАвстрија) во септември 2015г. и во тек е имплементација на овој проект во траење од 21 + 3 месеци.

<u>**Планирани активности**</u>: Во текот на 2017г. планирано е да се продолжи со практична имплементација на проектот до неговото завршување во септември 2017г.

- **ИПА 2012-2013 „Секторски план за поддршка на Секторот за правда, внатрешни работи и човекови права“**

Во рамките на овој проект предвидени се 6 мерки/компоненти од кои МВР е краен корисник во мерката 2 (Јакнење на националните капацитети за борба против организираниот криминал) и мерка 5 (Воспоставување на бизнис континуитет и центар за обновување на база на податоци како основа за идниот шенгенски систем).

<u>**Цел на овој проект**</u> е подобрување на спроведувањето на меѓународните стандарди и стандардите на ЕУ, како препораките во области како што се граничната контрола, борба против организираниот и сериозниот криминал, финансиски криминал, измама на фондовите на ЕУ, корупција, перење пари, судска соработка, подобрување на инфраструктурата потребна за да се исполнат барањата на Шенген зоната, заштита на личните податоци и јакнење на капацитетите за превенција и заштита од дискриминација.

<u>**Вкупната вредност**</u> на овој проект е 11.355.827 евра, од кои за компонента 2 се предвидени 4,7 милиони евра и за компонента 5 се предвидени 3,65 милиони евра.

<u>**Статус:**</u>

- За постигнување на резултатите од Мерката 2 на овој проект во 2017г. предвидено е склучување на Договор за набавка „Набавка на опрема за институциите од областа на правда и внатрешни работи“ во вредност од 3.500.000,00 евра. Крајни корисници за овој Договор се МВР (Оддел за криминалистичко-технички испитувања и вештачења, Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал и Оддел за информатичка технологија и телекомуникации), Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Министерството за правда, Јавно обвинителство и др. За потребите на овој проект склучен е Рамковен договор во јули 2016г. каде се ангажирани 4 експерти за изготвување на Студија на изводливоста, Техничка спецификација и СОП за користење на опремата, при што тендерската документација е фаза на подготовка.
- Во однос на Мерката 5 „Воспоставување на бизнис континуитет и центар за обновување на база на податоци како основа за идниот шенгенски систем“ во мај 2016г. склучен е Рамковен договор со кој се ангажирани 4 експерти за изработка на тендерско досие за градежни работи, од нивна страна изработено е идејното решение за дизајнот на објектот кое е во фаза на одобрување, додека тендерската документација се очекува да биде изработена на почетокот од 2017г.

<u>**Планирани активности:**</u>

- Во текот на 2017г. предвидено е да се продолжи со практична имплементација на

проектот.

- Во текот на вториот квартал на 2017г. предвидено е да се одржи евалуација за избор на најповолен понудувач за набавка на опремата, а Договорот за набавка се очекува да биде склучен во третиот квартал на 2017г.
- Во текот на вториот квартал на 2017г. предвидено е да се одржи евалуација за избор на најповолен понудувач за изградба на ИЦТ Центарот за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет со работењето, а Договорот за градежни работи се очекува да биде склучен во четвртиот квартал од 2017г.

- **ИПА II 2014-2020 „Понатамошно зајакнување на капацитетите за истраги и увид на лице место“**

**<u>Цел на овој проект</u>** е да се зајакнат капацитетите во борба против организираниот и класичниот криминал со што ќе се надградат капацитетите за истраги на лице место преку воспоставување на нова организациона структура, воведување на нови методи и стандарди за собирање и транспорт на доказите од местото на настанот и исполнување на предусловите за акредитација на форензичките лабаратории.

**<u>Вкупната вредност</u>** на овој проект е 1.050.000 евра

<u>Статус</u>: Во подготовка е тендерска документација. На забелешките од стана Делегација на ЕУ во РМакедонија за модифицирање на фишето во согласност со коментарите, МВР во соработка со крајниот корисник-Одделот за криминалистичко-технички испитување и вештачење изготви втора верзија од твининг фишето, која е доставена до ЦФЦД за понатамошно проследување до ДЕУ.

**<u>Планирани активности</u>**: Во текот на вториот квартал на 2017г. планирано е да се одржи евалуација за избор на најповолен понудувач за имплементација на активностите од проектот, а твининг договорот се очекува да биде потпишан во четвртиот квартал од 2017 г.

- **ИПА 2014 „Воспоставување на систем за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет во работењето“** (Фаза 2)

**<u>Цел на овој проект</u>** е развивање на инфраструктура и процедури неопходни за функционирање на ИЦТ центарот за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет во работењето.

**<u>Вкупната вредност</u>** на овој проект е 7.000.000 евра.

<u>Статус:</u> Во соработка со крајниот корисник-Оддел за информатичка технологија и телекомуникации во текот на 2017г. изготвени се Проектни задачи за Сервисниот договор предвиден во акциското фише и доставени се на одобрување.

**<u>Планирани активности</u>**: Во текот на третиот квартал на 2017г. предвидено е да се одржи евалуација за избор на најповолен понудувач за имплементација на активностите, а договорот се очекува да се потпише во четвртиот квартал од 2017г.

- **ИПА 2016 „Миграции и азил, гранично управување, борба против тероризам и организиран криминал“**

**<u>Цел на проектот</u>**: Подобрување на безбедноста на граѓаните и обезбедување на

| | |
|---|---|
| | владеење на правото преку зајакнување на ефективноста и ефикасноста на институциите во областа на граничното управување, справувањето со миграциските текови и борбата против тероризмот и организираниот криминал.<br>**<u>Статус:</u>** Изготвено е и одобрено акциско фише за проектот.<br>**<u>Планирани активности</u>**: Прва планирана активност е подготовка на Повик за апликанти за Директен грант до IOM (Меѓународна организација за миграција) во соработка со Делегација на ЕУ во РМакедонија во текот на првиот квартал од 2017г. |
| **2018** | - **Акциско фише ИПА II 2016 „Заштита (борба против тероризмот, различните видови на криминал и трговијата со луѓе**), чија цел ќе се реализира преку компонентите:<br>**1.Јакнење на граничното управување**-со поткомпоненти:<br>- градење на капацитеите на релевантгните инснтитуции во областа на миграцијата, азилот и трговијата со луѓе;<br>- изградба на прифатен центар;<br>- усогласување на националните системи со ЕУ и Шенген системот за гранично управување;<br>- воспоставување на повикот 122 за итни случаи и дополнителна надградба на ТЕТРА системот и имплементација ТЕТРА IV.<br>**2. Јакнење на капацитетите за борба против организиран криминал и тероризам**-со поткомпоненти:<br>- градење на националните капацитети за борба против тероризмот и радикализацијата во насока на поддршка во имплементацијата на Националната стратегија за борба против теторизмот 2016-2019;<br>- изградба на нова лабараторија за форензичко вештачење и нејзина акредитација со ISO 17025 сертификат;<br>- градење на институционалните капацитети на истражните центри.<br>Вкупната вредност на проектот е 16.000.000 евра. |
| **2019** | Имплементација на проектите преевидени во рамки на ИПА програмата за 2016г. |



***Министерство за внатрешни работи***

***ул. „Димче Мирчев“ бр.9, 1000 Скопје,***

***Македонија. тел: +389 (0)2 3117 222***

***факс: (0)2 3112 468 е-пошта:***

***kontakt@moi.gov.mk***